Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 10-та седница одржана на ден __.04.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства (опрема,ситен инвентар и др) на ООУ „Рајко Жинзифов “ – Горно Оризари, Велес**

1.Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за отпис и расходување на основни средства (опрема, ситен инвентар и др) на ООУ „Рајко Жинзифов “ – Горно Оризари, Велес со бр.02-53/4 од 03.02.2026 година.

2.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

На ден 19.03.2026 година, од страна на ООУ „Рајко Жинзифов “ – Горно Оризари, Велес до Советот на Општина Велес е доставено Барање согласност за отпис и расходување на ствари од ООУ „Рајко Жинзифов “ – Горно Оризари, Велес со арх.бр.09-1537/1.

Во прилог кон Барањето е доставена Одлука за отпис и расходување на основни средства(опрема,ситен инвентар и др) со прилог списи на ООУ „Рајко Жинзифов “ – Горно Оризари, Велес со бр.02-53/4 од 03.02.2026 година со која се врши отпис и расходување (опрема,ситен инвертар и др), кои се предлог за расход, евидентирани во книговодствена евиденција на ООУ „Рајко Жинзифов “ – Горно Оризари, Велес.

Расходувањето на наведените предмети е направено заради нивната дотраена вредност и истите се практично неупотребливи и се предлага да се расходуваат наведените средства опишани во спецификацијата која е составен дел на Одлуката, а овие основни средства имаат книговодствена вредност нула.

Согласно член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25): „За движните ствари за кои сметководствената вредност е нула, а кои поради нивната дотраеност, неупотребливост, или технолошка застареност не ги корис тат државните органи или правните лица основани од државата и истите не можат да се дадат на користење, да се продадат или разменат, одговорното лице кое ра ководи со државниот орган, односно органот на управување кој раководи со правното лице основано од државата, е должно истите да ги предаде, по спроведена постапка за избор, на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, согласно со прописите за управување со отпадот“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

Основно општинско училиште „Рајко Жинзифов“ - Горно Оризари, Велес
ou-rajkozhinzifov-dolnoorizari-veles@schools.mk 075/233-074

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 19-03-2026
Орг. един.: | Број: | Прилог: | Вредност:
09-1537/1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
РАЈКО ЖИНЗИФОВ
REPUBLIKA SJEVERNA MAKEDONIJA
OPŠTINSKA OSNOVNA ŠKOLA
RAJKO ŽINZIFOV
Бр. / Br. 02-122/1
18.03 2026 год. / god
Горно Оризари-Велес / Gornje Orizare-Veles

До
Совет на Општина Велес

**ПРЕДМЕТ: Барање согласност за отпис и расходување на стари основни средства (опрема ситен инвентар и др.)**

ООУ„Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес Ви се обраќа со барање за добивање на согласност за отпис и расходување на стари основни средства (опрема, ситен инвентар и др.).

Овие средства се расходуваат поради тоа што повеќе немаат функционална и употребна вредност, чија што книговодствена (сегашна) вредност изнесува нула, истите заземаат простор кој што може да се користи за други потреби.

Прилог: Предлог одлука од УО за расходување на стари основни средства.
Спецификација за отпис и расходување на основни средства

Доставено до:
- Совет на Општина Велес
- УО при ООУ„Рајко Жинзифов“
- Архива

18.03.2026 година
Г.Оризари, Велес

Директор
Амра Хоџиќ

Република Северна Македонија / Republika Sjeverna Makedonija • ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ / OPŠTINSKA OSNOVNA ŠKOLA • РАЈКО ЖИНЗИФОВ / RAJKO ŽINZIFOV • Горно Оризари-Велес/Gornje Orizare-Veles

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

Бр.02- 53/4

03.02.2026 година

**Предлог**

Врз основа на член 21 од Законот за смтководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на РМ" бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15, и 170/17 и „Службен весник на РСМ " бр. 122/21), член 30 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на РМ" бр.28/03....101/13) и член 25 од Статутот на ООУ„Рајко Жинзифов" Г.Оризари, Велес, а во согласност со Извештајот за спроведен попис од Комисијата за попис на основни средства, залихите на материјали и ситниот инвентар со бр. 02-25/1 од 16.01.2026 година, Училишниот одбор на ООУ„Рајко Жинзифов" Г.Оризари, Велес на седницата одржана на ден 03.02.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за отпис и расходување на основни средства (опрема, ситен инвентар и др.)

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши расходување и отуѓување на основни средства и ситен инвентар, кои се предлог за расход, евидентирани во книговодствената евиденција на установата (во понатамошниот текст -средствата).

**Член 2**

Отписот и расходувањето на средствата се врши на предлог на Комисијата за вршење на попис на основните средства и ситен инвентар, поради нивна дотраеност и неупотребливост.

**Член 3**

Бројот и видот на отпишаните и расходувани средства, се утврдени во спецификација, која е составен дел на оваа Одлука и нивната вкупна книговодствена вредност е во висина од 0 (нула) денари.

**Член 4**

Отпишувањето и расходувањето на средствата ќе го изврши посебно формирана Комисијата за вршење на отпис на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на установата формирана од раководниот орган, по дадената согласност од основачот.

Оваа Комисија ќе спроведе отуѓување на средствата по пат на продажба или исфрлање како неупотребливи.

**Член 5**

Со давањето на согласност на Одлуката од страна на основачот, ќе значи право на отпишување на утврдената вредност на средствата од книговодствената евиденција и истата ја спроведува одговорниот сметководител.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила по дадената согласност од основачот.

**Претседател на Училишен одбор**
**на ООУ„Рајко Жинзифов" Г.Оризари, Велес**
**Јасмина Шатара**

**Образложение**

Овие средства се расходуваат поради тоа што се дотраени и немаат функционална и употребна вредност, чија што книговодствена (сегашна) вредност изнесува нула, истите заземаат простор кој што може да се користи за други потреби.

СПЕЦИФИКАЦИЈА
**за отпис и расходување на основни средства**
**(опрема, ситен инвентар и др.)**

| Ред бр | Вид | Вредност | Количина | Состојба |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дрвени врати | 0 | 14 | Неупотребливи |
| 2 | Алуминиумски врати | 0 | 4 | Неупотребливи |
| 3 | Принтер | 0 | 2 | Неупотреблив |
| 4 | Ормар | 0 | 1 | Неупотреблив |

Претседател на Училишен одбор
на ООУ„Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес
Јасмина Шатара